# С Т А Т У Т
## на Фондација за пружање долгорочна помош и поддршка
## ЗАЕДНО ЗА ЕДНО - Скопје

**Скопје, 01 април 2025 година**

Врз основа на член 32 став 1 и член 31 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Република Македонија број 52/2010, 135/2011 и 55/2016 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 239/22), основачот Здружение за остварување на заеднички интереси на банките и унапредување на нивното работење МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА Скопје на ден 01 април 2025 година го донесе следниот

# С Т А Т У Т
# на Фондација за пружање долгорочна помош и поддршка
# ЗАЕДНО ЗА ЕДНО - Скопје

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Со овој Статут се уредуваат дејноста, организационата поставеност и функционирањето на Фондацијата за пружање долгорочна помош и поддршка ЗАЕДНО ЗА ЕДНО - Скопје (во понатамошниот текст: "Фондација") која се основа за пружање долгорочна помош и поддршка на настраданите лица погодени од трагичниот пожар што се случи во Кочани, Република Северна Македонија на ден 16 март 2025 година.

(2) Фондацијата ја основа Здружението за остварување на заеднички интереси на банките и унапредување на нивното работење МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА Скопје со седиште на улица „Орце Николов" број 75 Општина Центар 1000 Скопје и ЕМБС 7277156 (во понатамошниот текст: "МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА") како нејзин единствен основач.

(3) Фондацијата се основа со имотната маса во парични средства на основачот на Фондацијата во износ од 10.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија.

(4) Основачките права на основачот на Фондацијата не може да се пренесат на негови правни следбеници.

(5) Со овој статут се уредува и начинот на учеството на основачот на Фондацијата во нејзиното управување преку: 1.) директно одлучување (донесување на статут и програма за дејствување при основање на Фондацијата, именување директор на фондацијата при нејзиното основање, именување и разрешување на членовите на Одборот на Фондацијата, вклучување на надворешни лица во работата на Фондацијата); 2.) давање претходна писмена согласност (за следното: измени или дополнувања на акти на Фондацијата, статусни измени на Фондација, избор и разрешување на Директор на органи на Фондацијата, вклучување на надворешни лица во работата на Фондацијата по предлог на Одборот на Фондацијата, промена на целта на Фондацијата, престанок на Фондацијата), и 3.) доделување на други работи на органите на Фондацијата поврзани со нејзините цели и задачи.

**Член 2**

(1) Фондацијата своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, позитивните законски и подзаконски прописи кои ја регулираат работата на фондациите, како и согласно овој Статут.

(2) Фондацијата во своето работење ќе се придржува кон начелата на: независност, јавност, транспарентност, отчетност, непрофитност, непартиско делување, иницијативност во јавниот живот, совесност, чесност, како и сите останати начела кои се својствени за работа на фондација од ваков вид.

(3) Во работата на Фондацијата, секое лице има обврска да се придржува кон следните начела:

- транспарентност во работењето втемелена на општо прифатените етички и професионални стандарди на струката и регулаторната рамка;
- доверливост и тајност на податоците и информациите добиени во текот на работењето на Фондацијата;
- забрана за употреба на средства на Фоднацијата спротивно на целите утврдени во овој Статут;
- забрана за злоупотреба или користење на податоци и информации добиени во текот на работењето со цел стекнување лична корист во спротивност со целите на Фондацијата  или причинување штета;
- примена на добри деловни обичаи;
- примена на најдобри стандарди за заштита на угледот на струката во однос на јавноста и клиентите;
- сите други начела карактеристични за дејноста.

(4) Ако во работењето на Фондацијата се стекне добивка од вршењето на дејноста, таа мора да биде употребена за остварување на целите утврдени со овој Статут.

**Член 3**

(1) Фондацијата има својство на правно лице и таквиот статус го стекнува со уписот во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

(2) Фондацијата се основа на неопределено време.

(3) Фондацијата во правниот промет ќе настапува во свое име и за сметка на единствениот основач МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, како и во свое име и за своја сметка.

## ИМЕ, СЕДИШТЕ, ПЕЧАТ, ЗНАК И СИМБОЛ НА ФОНДАЦИЈАТА

**Член 4**

(1)  Полното име на Фондацијата гласи:

Фондација за пружање долгорочна помош и поддршка ЗАЕДНО ЗА ЕДНО – Скопје

(2) Скратеното име на Фондацијата гласи:

Фондација ЗАЕДНО ЗА ЕДНО – Скопје

**Член 5**

(1) Седиштето на Фондацијата е на следната адреса:

- Улица Орце Николов, број 75, Општина Центар, 1000 Скопје.

(2) Фондацијата има свој печат и штембил, кои го содржат името на Фондацијата.

(3) Печатот има форма на круг на кој периферно е испишано името со кирилично Фондацијата има седиште.

(4) Штембилот има правоаголна форма, со линии за број, место и датум.

(5) Фондацијата има свој знак и симбол кои се утврдуваат со посебен акт / одлука на Одборот на Фондацијата.

(6) Фондацијата се организира и делува на подрачјето на Република Северна Македонија.

**ЦЕЛИ НА ФОНДАЦИЈАТА**

**Член 6**

(1) Целта за основање на Фондацијата е транспарентно фокусирање на хуманитарни активности преку собирање средства и нивно насочување кон пружање долгорочна помош и поддршка за настраданите лица погодени од трагичниот пожар што се случи во Кочани на ден 16 март 2025 година, нивните семејства и блиски лица. Притоа, како посебни цели и задачи на Фондацијата се издвојуваат следните:

1.) долгорочна финансиска и материјална поддршка за настраданите лица од трагичниот пожар, за нивните семејства и блиски лица;

2.) помош во процесот на рехабилитација и реконструктивни медицински третмани;

3.) психолошка поддршка и советување за настраданите, нивните семејства и блиски лица;

4.) поддршка во образованието и професионалната реинтеграција на погодените лица;

5.) промоција на солидарност и општествена одговорност во рамки на банкарскиот сектор и пошироката заедница.

(2) Темелните програмски начела и определби во кои се содржани горенаведените цели и задачи, се појдовна основа за подготовка на долгорочните, среднорочните и краткорочните планови и програми за работа на Фондацијата.

**ДЕЈНОСТИ СО КОИ СЕ ОСТВАРУВААТ ЦЕЛИТЕ НА ФОНДАЦИЈАТА**

**Член 7**

(1) Предметот на работењето на Фондацијата, односно нејзините дејности со кои се остваруваат целите на Фондацијата се однесуваат на пружање на разни форми на долгорочна помош и поддршка за настраданите лица погодени од трагичниот пожар, нивните семејства и блиски лица, а состојат од следното:

- шифра на дејност 94.99 – дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место;

- пружање на финансиска и материјална поддршка преку:
    - долгорочно обезбедување финансиска помош,
    - донации во форма на основни потреби (храна, облека, сместување, лекови),
    - организирање хуманитарни акции и партнерства со компании и институции;

- овозможување на медицинска рехабилитација и реконструктивни третмани преку:
    - покривање на трошоци за медицински третмани и операции,
    - поддршка за пристап до специјализирани здравствени установи,
    - организирање кампањи за подигнување на свеста за рехабилитација;

- психолошка поддршка и советување преку:
    - обезбедување на бесплатни психолошки услуги за настраданите, нивните семејства и блиски лица
    - организирање групи за поддршка и програми за ментално здравје,
    - соработка со стручни лица и институции за психолошка помош;

- образовна и професионална реинтеграција преку:
    - стипендии и грантови за погодените лица и нивните деца,
    - обуки, преквалификација и поддршка за вработување,
    - создавање партнерства со компании за работни можности;

- промоција на солидарност и општествена одговорност преку:
    - вклучување на банкарскиот сектор во хуманитарни иницијативи,
    - организирање кампањи за подигнување на јавната свест за потребата од помош,
    - организирање волонтерски програми и настани за солидарност.

(2) Фондацијата може да врши и други споредни дејности кои служат за вршење на дејноста запишана во трговскиот регистар, ако се тие во помал опсег или вообичено се вршат поврзано со запишаната дејност.

**ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФОНДАЦИЈАТА, ВИД И СОСТАВ НА ОРГАНИ, НАДЛЕЖНОСТИ, НАЧИНОТ НА ИЗБОР И РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА ОРГАНИ, ТРАЕЊЕ НА МАНДАТ НА ЧЛЕНОВИ НА ОРГАНИ И НАЧИН НА ОДЛУЧУВАЊЕ**

**Член 8**

Во поглед на внатрешната организација, Фондацијата има два органи и тоа:

1.) Одбор и

2.) Директор.

**Член 9**

(1) Одборот на Фондацијата е највисок орган на управување и него го сочинуваат 5 (пет) членови кои се избираат од редовите на членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА што се јавуваат во улога на донатори во Фондацијата.

(2) Членовите на Одборот ги именува и разрешува основачот на Фондацијата со одлука.

(3) Мандатот на членовите на Одборот трае 2 (две) години со право на повторен реизбор и именување.

(4) Со посебна одлука на основачот на Фондацијата или со негова согласност, во работата на Одборот на Фондацијата може да бидат вклучени и да учествуваат стручни лица од областа на здравството, медицината, образованието, релевантни чинители од банкарскиот сектор и граѓанското општество и сл., кои може да дадат свои мислења, предлози, иницијативи, да дадат потребни стручни објаснувања, но истите немаат право на глас при одлучувањето на Одборот.

**Член 10**

(1) Одборот на Фондацијата ги има следните надлежности:

- го организира управувањето на Фондацијата и ги определува насоките (стратегијата) на делување;
- одлучува за условите и распределбата на средствата, односно за постапката и начинот на користење на средствата во рамки на дејностите со кои се остваруваат целите на Фондацијата;
- ги реализира целите и задачите на Фондацијата утврдени во овој Статут и во останатите акти на Фондацијата;
- ги спроведува статусните и програмските задачи на Фондацијата;
- усвојува годишен извештај за работа и финансиски извештај и го објавува на својата веб страница;
- доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа, односно органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, во случаите кога користи средства од Буџетот на Република Северна Македонија, односно буџетите на единиците на локалната самоуправа;
- донесува акти на Фондацијата (освен статут и програма за дејствување при нејзиното основање) и врши изменување и/или дополнување на актите на Фондацијата и

донесување на нови акти (што вклучува измени и дополнувања и на статутот и програмата за дејствување во тек на постоење на Фондацијата), по претходно добиена писмена согласност од основачот на Фондацијата;

- одлучува за промена на целта на Фондацијата по претходно добиена писмена согласност од основачот на Фондацијата;
- избира и разрешува Директор на Фондацијата по претходно добиена писмена согласност од основачот на Фондацијата;
- одлучува за статусни измени на Фондацијата по претходно добиена писмена согласност од основачот на Фондацијата;
- одлучува за престанок на Фондацијата по претходно добиена писмена согласност од основачот на Фондацијата;
- одлучува за внатрешната организација и организационите форми на Фондацијата;
- донесува деловник за работа на Одборот и упатства, правилници и други акти за негово работење;
- го контролира и го насочува работењето на Директорот на Фондацијата;
- ја разгледува и усвојува завршната сметка на Фондацијата,
- го усвојува годишниот финансиски план на Фондацијата до крајот на годината која претходи на годината за која планот се подготвува;
- го именува ревизорот на работењето на Фондацијата;
- донесува одлуки за формирање на постојани и повремени работни тела на Фоданцијата и ја насочува нивната работа,
- организира настани поврзани со целите и задачите на Фондацијата,
- донесува одлуки за доделување награди, благодарници, признанија,
- донесува одлуки за набавка и оттуѓување на ствари и основни средства,
- врши и други работи во согласност со статутот и актите на Фондацијата.

(3) За работите од надлежност на Одборот на Фондацијата истиот донесува одлуки со одржување седници или со одлучување без физичко присуство на членовите, на начин предвиден во овој Статут.

(4) Секој член на Одборот на Фондацијата има право на учество во работењето на Одборот и има право на 1 (еден) глас при одлучувањето.

(5) Одборот на Фондацијата одржува седници секогаш кога има потреба, а во секој случај најмалку еднаш на три месеци.

**Член 11**

(1) За потребите од организација на работењето на Одборот на Фондацијата, од редот на членовите на Одборот се избира претседател на Одборот едногласно, со сите гласови од членовите на Одборот.

(2) Секој член во Одборот на Фондацијата има еднакви можности да биде избран за претседател под услови предвидени во овој Статут.

(3) Мандатот на претседателот на Одборот е 2 (две) години, но во секој случај не подолго од неговиот мандат како член на Одборот на Фондацијата и истиот има право на реизбор.

(4) Во случај на отсуство или спреченост на претседателот на Одборот на Фондацијата, него го заменува друг член на Одборот кој ќе го определи претседателот.

(5) На претседателот може да му престане функцијата и пред истек на мандатот, а поради смрт, оставка, трајна спреченост за извршување на функцијата. Настапувањето на условите за престанок на функцијата ги утврдува Одборот на Фондацијата со посебна одлука.

(6) Претседателот на Одборот на Фондацијата може да биде разрешен од функцијата со одлука на Одборот, заради постапки и дејствија што го прават недостоен за вршење на функцијата, како и заради нестручно и несовесно вршење на функцијата.

**Член 12**

(1) Одборот го свикува претседателот секогаш кога има потреба од негово одржување.

(2) Одборот се свикува задолжително по барање на најмалку 1/3 (една третина) од неговите членови во кој случај мора да одржи вонредна седница врз основа на таквото барање, најдоцна во рок од 30 дена сметано од денот на поднесување на барањето за одржување.

(3) Одборот по правило се одржува во седиштето на Фондацијата, а може да се донесе одлука истото да се одржи и на друго место надвор од седиштето.

(4) Одборот може да одлучува на еден од следните начини и тоа:

- со одржување седници и присуство на на членовите на Одборот и

- со одлучување без присуство на членовите на Одборот (преку телефонска конференција, преку користење интернет-врска за комуникација, со потпишување на одлука, одлучување/гласање преку електронска пошта или преку телефакс).

(5) Поканата за одржување седница на Одборот се испраќа до сите негови членови, а во поканата се одредуваат денот, часот и местото на одржување на седницата, со предлог-дневен ред и доставување на материјалите за предложените точки од дневниот ред.

(6) Покана за седница на Одбор се праќа по редовна пошта или по електронска пошта на е-маил адресата на членовите на Одборот и тоа најдоцна 3 (три) работни денови пред одржување на седницата.

(7) Во случај на одлучување од страна на Одборот без присуство, согласно став 4, алинеја 2 од овој член, видот на одлучување без присуство ќе биде утврден во самата покана.

**Член 13**

(1) Доколку со овој Статут не е поинаку определено, за донесување одлуки на Одборот потребно е на седницата да присуствуваат, односно при неговото одржување на друг начин освен на седница да учествуваат сите членови на Одборот. Секој член на Одборот може, со полномошно, да делегира свој заменик кој ќе присуствува и/или учествува на седница на Одборот со инструкции за гласање наведени во полномошното.

(2) При одржување седници на Одборот се води записник во кој се внесуваат податоци за текот на седницата и се внесуваат сите одлуки на Одборот, а доколку истото се одржува на друг начин освен на седница, резултатите од изјаснувањето се констатираат на записник подготвен во писмена форма кој се приложува кон книгата за одлуки. Кон записникот се приложуваат одлуките и начинот на гласање/произнесување на секој од членовите на Одборот поединечно.

**Член 14**

(1) Одборот носи одлуки едногласно со согласност на сите негови членови.

(2) По исклучок од став 1 од овој член, а во случај на постоење на судир на интереси на член на Одбор при конкретно одлучување на Одборот, потребното мнозинство за донесување на полноважна одлука се обезбедува од сите останати членови на Одборот кои немаат судир на интерес при одлучувањето.

**Член 15**

(1) Одборот на Фондацијата по претходно добиена писмена согласност од основачот на Фондацијата го избира и разрешува Директорот на Фондацијата едногласно со гласовите на сите членовите на Одборот. Единствено при иницијалното основање на Фондацијата, Директорот го избира основачот на Фондацијата со одлука.

(2) Мандатот на Директорот на Фондацијата е 2 (две) години со право на реизбор.

(3) Директорот на Фондацијата има важна улога во долгорочниот успех на Фондацијата, обезбедувајќи нејзина одржливост, ефективност и позитивно влијание врз заедницата. Воедно, Директорот на Фондацијата е одговорен за стратешкото управување, оперативното водење и одржливиот развој на организацијата. Неговите главни должности и активности се состојат од следното:

- ја претставува и застапува Фондацијата;
- го спроведување стратешкиот план на Фондацијата во соработка со Одборот, и во таа смисла обезбедува исполнување на мисијата, визијата и целите;
- спроведува и координира програмски активности во согласност со поставените цели, изготвува и надгледува годишен план и буџет;
- го организира оперативното работење на Фондацијата;
- учествува во подготовка и изработка на правилници, упатства, и други интерни акти на Фондацијата со вклучување на стручни лица;

- учествува на седници на Одборот на Фондацијата и дава свои мислења, предлози, иницијативи, но нема право да учествува во одлучувањето на Одборот;
- постапува по насоки дадени од страна на Одборот на Фондацијата за било кое прашање од доменот на целите, задачите и дејностите на Фондацијата;
- обезбедува согласност или одлука од Одборот на Фондацијата за сите работи кои се во надлежност на Одборот на Фондацијата а во чија имплементација учествува како законски застапник на Фондацијата;
- ги склучува договорите и останатите правни дела во име и за сметка на Фондацијата во случаите кога истата стапува во деловни односи со трети лица, односно ги преземе потребните дејствија за набавка и купување на основни средства за оперативно работење на Фондацијата;
- обезбедува финансиска стабилност преку донаторства, надгледува распределба и ефикасно користење на средствата, подготвува финансиски извештаи и транспарентно известува за активностите;
- го организира и го координира секојдневното работење на Фондацијата и обезбедува ефикасно управување со ресурси, човечки и материјални;
- ја претставува Фондацијата пред институции, медиуми и јавноста, гради и одржува партнерства со владини, невладини и приватни субјекти, организира јавни настани, кампањи и иницијативи за поддршка на фондацијата.
- следи и оценува имплементација на проекти и програми, осигурува континуирано подобрување на активностите и усогласеност со регулативите, подготвува извештаи за работата;
- изготвува извештај за своето работење и го доставува до Одборот на Фондацијата на одобрување,
- врши и други работи по барање на Одборот на Фондацијата или на основачот на Фондацијата.

(3) Во случај на спреченост на Директорот на Фондацијата во извршување на работите и задачите од било кои причини, Одборот на Фондацијата го организира начинот на извршување на работите во надлежност на Директорот на Фондацијата или назначува/овластува лице кое го заменува Директорот до отстранување на пречките или до избор на нов Директор на Фондацијата.

(4) Изборот на нов Директор на Фондацијата се врши во последните 30 дена од мандатот на претходно избраниот Директор, а најдоцна до денот на истекот на мандатот. Доколку не се избере нов Директор во наведениот рок, во таков случај мандатот на претходно избраниот Директор се продолжува до избор на нов Директор.

**ЗАСТАПУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО**

**Член 16**

(1) Овластено лице за застапување по закон (застапник) на Фондацијата е лицето кое согласно со овој Статут е именувано за Директор на Фондацијата.

(2) Директорот на Фондацијата самостојно ја застапува Фондацијата во правниот промет и во односите со третите лица и ги врши своите права, обврски и одговорности во согласност со закон, овој Статут и актите на Фондацијата.

(3) За застапник по закон на Фондацијата може да биде именувано деловно способно физичко лице кое има живеалиште или престојувалиште на територијата на Република Северна Македонија во согласност со закон.

**НАЧИН НА СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО СРЕДСТВА НА ЗДРУЖЕНИЕТО**

**Член 17**

(1) Фондацијата ќе ги обезбедува потребните финансиски средства на следните начини:

- од парични средства кои за потребите на Фондацијата ги обезбедува основачот МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;
- донации од: членови на МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, трговски друштва, правни лица, поединци-физички лица и други заинтересирани субјекти,
- подароци (во пари, добра, имотни права),
- приходи од проекти и
- други приходи во согласност со закон, овој Статут и останатите акти кои ги носи Фондацијата.

(2) Донаторите што вложуваат средства или имотни права по основањето на Фондацијата, не стекнуваат статус на основачи на Фондацијата.

**Член 18**

Фондацијата може да стекнува имот кој го сочинуваат сопственички и други стварни права над движни и недвижни ствари вложени во Фондацијата или стекнати со нејзино работење.

**Член 19**

(1) Располагањето со средствата стекнати по основите наведени во член 17 од овој Статут се врши на следниот начин:

- од страна на Директорот на Фондацијата за следното: извршување на работите во рамки на надлежностите на Директорот определени со овој Статут или со друга акт на Фондацијата; организација на настани од значење за остварување на целите и задачите на Фондацијата; покривање на трошоци (дневни, патни, сместување, престој) на Директорот, членовите на Одборот, вработени лица во Фондацијата или претставници на постојани или повремени работни тела на Фондацијата;
- од страна на Одборот на Фондацијата без ограничување а врз основа на посебна одлука на Одборот за сите прашања од доменот на работењето на Фондацијата.

(2) За располагање со имотот на Фондацијата од член 18 од овој Статут одлучува Одборот со посебна одлука.

**Член 20**

(1) Финансиските средства на Фондацијата се употребуваат за остварување на целите на организацијата определени со Статутот и Програмата, а при таквото користење се води сметка за економската оправданост, целесообразност и заштита на интересите на Фондацијата.

(2) Одборот на Фондацијата и Директорот се должни да управуваат и работат со внимание и во согласност со начелата на добро управување, во интерес на Фондацијата односно во интерес на остварување на целите на Фондацијата надминувајќи ги притоа своите лични интереси.

(3) Средствата на Фондацијата не може да се исплаќаат на претставници во органите, застапници, вработени или со нив поврзани лица освен во случаи кога основачот на Фондацијата е корисник на услугите на Фондацијата во согласност со целите определени со овој Статут и со Програмата на Фондацијата.

(4) Вработените лица во Фондацијата имаат право на плата и надоместоци во согласност со закон и колективен договор.

(5) Директорот на Фондацијата може да прима паричен надоместок соодветен на неговите задолженија.

(6) Членовите на Одборот на Фондацијата и останатите стручни лица ангажирани во работењето на Одборот по правило не примаат паричен надоместок за нивната работа. По исклучок, овие лица може да добијат паричен надоместок за извршување на специфични задачи кои им ги доделил Одборот, ако тоа го дозволува финансиската ситуација на Фондацијата.

## НАЧИН НА ДОНЕСУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ И ДРУГИ ИЗВЕШТАИ

**Член 21**

(1) Годишните извештаи за работењето, како и годишните финансиски извештаи на Фондацијата ги подготвува и изработува Директорот на Фондацијата и тоа по завршување на календарската година за која истите се однесуваат. На барање на член на Одборот, може да се подготват и извештаи за работење и/или финансиски извештаи за пократки периоди. По изработка на извештаите, истите се ставаат на увид на Одборот на Фондацијата кој има право на забелешки, укажувања, соодветни корекции или образложение во форма на одговор.

(2) По исцрпување на дејствијата од став 1 од овој член, се закажува седница на Одборот на фондацијата на која се донесуваат одлуки за одобрување на извештаите од став 1 од овој член.

(3) Рокот за донесување на одлуките од став 2 од овој член е најдоцна три месеци по истекот на деловната година или периодот за кој истите се составуваат.

(4) Фондацијата е должна да ги објавува годишните извештаи од став 1 од овој член на нејзината официјална веб страница или да ги направи достапни до јавност на друг соодветен начин, сето претходно најдоцна до 30 април за претходната година.

## НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ ЈАВНОСТ И ОТЧЕТНОСТ ВО РАБОТАТА

**Член 22**

(1) Работата на Фондацијата е јавна и транспарентна како спрема основачот МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, така и спрема пошироката јавност.

(2) Јавноста и отчетноста во работењето на Фондацијата се обезбедува со следното:

- Фондацијата е должна редовно да го известува основачот МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА за своето работење, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување на извештај за работата и извештај за материјалното и финансиското работење на Фондацијата;

- Фондацијата редовно ја известува јавноста за нејзиното работење, за тековните активности и за програмските задачи преку користење на медиумите како веб-сајт, интернет, печат, радио и телевизија, а врши и јавно објавување на Статутот и останатите акти на Фондацијата.

## НАЧИН НА ДОНЕСУВАЊЕ, ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ФОНДАЦИЈАТА

**Член 23**

(1) Статутот на Фондацијата при нејзиното основање го донесува основачот на Фондацијата.

(2) Во случај на изменување и дополнување на Статутот на Фондацијата или донесување на нов Статут во текот на постоењето на Фондацијата, предлог-текстот за изменување и дополнување на Статутот или новиот Статут се разгледува од страна на членовите на Одборот на Фондацијата кои во рок од 3 (три) дена имаат право да дадат свои забелешки и укажувања кои се земаат предвид при изработка на предлог-текстот.

(3) По исцрпување на активностите од став 2 од овој член, се закажува седница на Одборот на Фондацијата на која се одлучува за утврдување на текст за изменување и дополнување на Статутот на Фондацијата или за нов Статут на Фондацијата.

(4) По усогласување на предлог-текстот за изменување и дополнувања на Статутот или новиот Статут истиот се доставува до основачот на Фондацијата со цел обезбедување на претходна писмена согласност од основачот на Фондацијата.

(5) По добивање на писмената согласност од став 4 од овој член, Одборот на Фондацијата носи одлука за изменување и дополнување на Статутот на Фондацијата или за донесување на нов Статут на Фондацијата.

(6) Статутот на Фондацијата може да се измени и дополни или да се донесе нов Статут на Фондацијата, со одлука на Одборот на Фондацијата која се носи со ситегласови на членовите на Одборот на Фондацијата по спроведување на постапката од ставовите 2, 3 и 4 од овој член.

(7) При секоја измена и дополнување на Статутот на Фондацијата, се изработува пречистен текст на Статутот во кој се внесуваат извршените измени и дополнувања. Примерок од пречистениот текст се доставува до Централниот регистар на Република Северна Македонија.

## НАЧИН НА ОДЛУЧУВАЊЕ ЗА СТАТУСНИ ПРОМЕНИ И ПРЕСТАНОК НА ФОНДАЦИЈАТА

**Член 24**

(1) Во случај на статусна промена на Фондацијата, предлогот за статусна промена се утврдува од страна на Одборот на Фондацијата и истиот се доставува до основачот на Фондацијата со цел обезбедување на претходна писмена согласност од основачот на Фондацијата.

(2) По добивање на согласноста од став 1 од овој член, статусната промена се спроведува во постапка согласно закон врз основа на одлука на Одборот на Фондацијата која се носи едногласно, со гласовите на сите членови на Одборот на Фондацијата.

## НАЧИН НА ДОНЕСУВАЊЕ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

**Член 25**

(1) Програмата за дејствување на Фондацијата при нејзиното основање ја донесува основачот на Фондацијата.

(2) Во текот на работењето, Фондацијата донесува:

- програма и план за активностите за секоја календарска година, и

- годишен финансиски план за приходите и расходите.

(3) Предлог-програмите и плановите на Фондацијата од став 2 од овој член се доставуваат до Одборот на Фондацијата пред нивното усвојување и секој од нив има право во рок од 3 (три) дена да даде свои забелешки и укажувања со цел истите да се земаат предвид при изработка на конечниот текст.

(4) По исцрпување на дејствијата од став 3 од овој член, се закажува седница/одржување на Одборот на Фондацијата на која се донесуваат одлука за одобрување на плановите и програмите од став 2 од овој член.

## ПОСТАПУВАЊЕ СО СРЕДСТВАТА И ИМОТОТ ВО СЛУЧАЈ НА ПРЕСТАНОК НА ФОНДАЦИЈАТА

**Член 26**

(1) Во случај на престанок на работата на Фондацијата под услови предвидени во законот или со овој Статут, а доколку после намирување на обврските на Фондацијата преостанат парични средства, истите се распределуваат на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА која понатаму ги распределува на членовите на МАКЕДОНСКАТА

БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА сразмерно и соодветно на износот на вкупниот износ дониран од страна на секој од членовите за период од последните 3 (три) години од постоењето на Фондацијата.

(2) Доколку по престанокот на работата на Фондацијата преостане движен или недвижен имот на Фондацијата кој не бил впаричен, истиот ќе се распредели на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА која понатаму го распределува во идеални делови на членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА по истиот принцип како во став 1 од овој член.

**ОБЛИЦИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И РАБОТЕЊЕ**
**ВО РАМКИТЕ НА ФОНДАЦИЈАТА**

**Член 27**

(1) Во рамките на Фондацијата може да се организираат и да дејствуваат постојани и повремени работни тела, комисии, стручни службии други облици на организирање и работење.

(2) Во посебните облици на организирање и работење од став 1 од овој член може да се ангажираат и стручни надворешни лица од разни области кои би можеле да дадат значаен придонес во поглед на остварување на целите и задачите на Фондацијата.

(3) Посебните облици на организирање и работење од став 1 од овој член се формираат со поединечни одлуки на Одборот на Фондацијата каде се утврдува составот, потребата од основање, целите и задачите, како и начинот на работење, дејствување, членување, обезбедување средства за работа и сите останати околности.

(4) Начинот на работење, организацијата, носење одлуки, мислења, ставови, препораки, заклучоци на секој облик на организирање и работење од став 1 од овој член се регулира со деловник за работење кој го усвојува соодветниот облик на организирање на свој состанок со мнозинство гласови од вкупниот број на членови во обликот на организирање и истиот треба да биде во согласност со одредбите од овој Статут.

**СОРАБОТКА СО ДРУГИ ЛИЦА**

**Член 28**

По прашања од заеднички интерес согласно целите и дејностите утврдени со овој Статут, Фондацијата соработува со други лица, здруженија, асоцијации, регионални здружувања од сличен вид, државни органи и други форми на организирање и работење од земјата и од странство. По прашањата од заеднички интерес може да се организираат и заеднички седници со лицата со кои се остварува соработка доколку тоа е од интерес за Фондацијата.

**ПРЕСТАНОК НА ФОНДАЦИЈАТА**

**Член 29**

(1) Фондацијата престанува:

- со донесување на одлука за престанок, бидејќи целите за нејзиното основање се успешно реализирани;

- кога ќе се исполни кој било од  останатите услови предвидени со закон за престанок на Фондација (поминато двојно повеќе време од времето предвидено за одржување на седница на Одборот, а таа не е одржана; во две последователни години не е поднесена завршна сметка во согласност со закон; статусна измена која предвидува престанок на постоењето, донесена одлука на надлежен суд; стечај, спроведена ликвидација).

(2) За престанок на Фондацијата одлука донесува Одборот по претходно добиена согласност од основачот на Фондацијата.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 30**

Фондацијата одговара за своите обврски спрема трети лица и тоа со целиот нејзин имот и средства.

**Член 31**

Сите трошоци во текот на работењето ќе се намируваат од средствата на Фондацијата.

**Член 32**

(1) Одредбите од овој Статут ги толкува Одборот на Фондацијата.

(2) За сите прашања кои не се регулирани со овој Статут, се применуваат одредбите од Законот за здруженија и фондации и останатите законски и подзаконски прописи важечки во Република Северна Македонија.

**Член 33**

Овој Статут влегува во сила со денот на неговото донесување од страна на основачот на Фондацијата и истиот се поднесува за запишување на ФОНДАЦИЈАТА во соодветниот регистар на здруженија и фондации при Централниот регистар на Република Македонија.

**Скопје, 01 април 2025 година** **ОСНОВАЧ:**

**Здружение за остварување на заеднички интереси**
**на банките и унапредување на нивното работење**
**МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА Скопје**

**ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ**
**Д-Р МАЈА СТЕВКОВА ШТЕРИЕВА, ПРЕТСЕДАТЕЛ**

______________________________